**Известување за концентрација со која ФОРТЕНОВА ГРУПА д.д. Хрватска, ќе стекне контрола над Пословни системи Меркатор д.д. Словенија (предмет бр. 08-71/2019)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 14.08.2019 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која ФОРТЕНОВА ГРУПА д.д. (FORTENOVA GRUPA d.d.), со седиште на ул. Маријан Чавиќ 1, 10000 Загреб, Република Хрватска ќе стекне единствена контрола над Пословни системи Меркатор д.д. (Poslovni sistemi Mercatord.d.), со седиште на Дунајска улица 107 п.п. 3234, 1001 Љубљана, Република Словенија преку купопродажба на акции.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**ФОРТЕНОВА ГРУПА д.д.** е владејачко холдинг друштво на Фортенова групацијата која работи преку три основни бизнис сегменти: (i) сегментот за трговија на мало и на големо - кој опфаќа трговија на мало со намирници и стоки за широка потрошувачка, трговија на мало во синџир на весникарници/киосци и трговија на големо со намирници и стоки за широка потрошувачка до хотели, ресторани и кафулиња; (ii) сегментот за производство и дистрибуција на храна - чие портфолио на производи вклучува минерална вода, сладолед, масло, маргарин и мајонез; и (iii) земјоделскиот сегмент - чии активности вклучуваат производство на житарици, маслени култури, сирење, свежо овошје и зеленчук, како и управување со сточарски фарми.

ФОРТЕНОВА ГРУПА д.д во Република Северна Македонија има едно поврзано друштво - Друштвото за трговија и услуги ФРИКОМ БЕОГРАД ДООЕЛ Чучер Сандево, со седиште во Бразда 20, бр. 243а, кој е дистрибутер на замрзнати прехранбени производи на Фриком и Ледо во Северна Македонија. Портфолиото на Фриком во Северна Македонија вклучува: сладоледи, замрзнат зеленчук и овошје, замрзнато пециво, замрзнати готови јадења и замрзната риба. Портфолиото на Ледо во Северна Македонија вклучува: сладоледи.

**Пословни системи Меркатор д.д.** е владејачко холдинг друштво на Меркатор групацијата, чија основна дејност е трговијата на мало со стоки за широка потрошувачка до крајните потрошувачи преку мрежа на продавници низ Словенија, Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора. Воедно, Меркатор групацијата е, исто така, активна во одреден број сродни сектори, вклучувајќи во обезбедувањето на „технички стоки за широка потрошувачка“ за домови и градини (на пример, мали и големи апарати од бела техника, градинарска опрема, мебел и електроника за широка потрошувачка) во Словенија, бензински пумпи со самопослужување и ресторани во Словенија, како и производство и снабдување со одредени прехранбени производи (вклучувајќи инстант производи од какао и десертни додатоци).

**Пословни системи Меркатор д.д.** во Република Северна Македонија има едно поврзано друштво - Друштвото за производство, трговија и услуги МЕРКАТОР

МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје со седиште на Огњен Прица 1/3-28 Мезанин, Скопје, со регистриранаата приоритетна дејност - трговијата на мало во неспецијализирани продавници првенствено со храна, пијалаци и тутун. Наведеното друштво повеќе не е комерцијално активно.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

16.08.2019 година
Скопје